# ТОРОНТО – ЦЕНТАРОТ НА МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАЦИЈА ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА




## ИСЕЛЕНИЦИ ОД КАНАДА ВО ДЕЛОТО „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“ ОД СЛАВЕ КАТИН

Канада е прва земја во светот која официјално го призна мултикултурното шаренило и ја продолжува континуираната, значајна и доследна недискриминациска политика. Со тоа, мултикултурата на заедништво, почит и љубов кон Канада се прогласи за политика на власта на Канада, каде што секој староседелец или новодојденец како Канаѓанин има право на слобода на свеста, верата, мислата, изразувањето, мирното собирање и развој во сопствената култура, пропагирање и применување на сопствената религија и употребата на мајчиниот јазик пренесуван преку безброј генерации.

Таквата вистинска мултикултурна политика направи Канада да биде „ветената земја” за Македонците, особено од егејскиот дел на Македонија, кои во новата татковина ги уживаат сите човекови права. Додека во своите родени земји Грција (Елада) и Бугарија се еден вид туѓинци: немаат свои училишта, ни цркви; им се оспорува националниот идентитет; врз нив се врши асимилација, денационализација и систематско истребување.

Но, сите тие претставници со различна етничка припадност, се државјани на Канада и со документи и со душа, затоа со гордост истакнуваат дека тие се горди Канаѓани, што не е случај во нашата Македонија, каде сите треба да бидат Македонци со почит кон нивното потекло.

Затоа да се биде во Канада е вистинско задоволство и голем предизвик за дојденците, патеписците, уметниците... Често се вели дека Торонто е третиот македонски град по големина, по Скопје и Битола, во кој се задомиле околу 100.000 Македонци. Нив ги има од сите делови на Македонија, од многу градови и села во етничките граници на Македонија, но најбројни се од Егејска Македонија

Метрополата Торонто е општосветски град во кој живеат повеќе од пет милиони жители од сите меридијани. Тој е сместен на северозападниот брег на езерото Онтарио, едно од трите најголеми езера во Северна Америка и во светот, кое заедно со езерото Хјурон и Ири преку речниот тек на Лоренцова Река поврзува голем број американски и канадски метрополи кон Атлантскиот Океан и светот.




*Македонија*

Често се вели дека Торонто е третиот македонски град по големина, по Скопје и Битола, во кој се задомиле околу 100.000 Македонци. Нив ги има од сите делови на Македонија, од многу градови и села во етничките граници на Македонија, меѓутоа, се чини дека најголем е бројот на доселениците и нивните поколенија кои се од егејскиот дел на Македонија. Се претпоставува дека баничани, желевци, буфчани, ошчимци, преспанци и битолчани се најбројни во Торонто и околните места. Тешко се определува нивниот број, бидејќи тие дошле со разни патни исправи и, за жал, во зависност од тоа нивните презимиња и националната припадност се приспособувале според земјата од каде дошле.

Првите македонски доселеници во Канада дошле во 1897 година. Поради високите дострели, особено на економско поле, Македонците се една од најзначајните етнички групи во Торонто и играат важна улога во целокупното живеење. Нив ги има од сите краишта од Македонија, кои се тесно врзани со организацијата "Обединети Македонци" и со црквата „Свети Климент Охридски" во Торнклиф Парк, „Свети Илија" во Мисисага, „Свети Димитрија Солунски" во Маркам „Света Недела" во Пикеринг и „Свети Илија" во „Македонскиот парк".

Одреден број од Македонците во Канада припаѓаат на различни политички, национални и други организации. Многу од нив и го згрешиле патот и избегале од македонското јадро. Пропагандата од соседните земји ги вознемирила, ги преобразила и ги натерала да си го заборават својот род.

Меѓутоа, со обновувањето на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква и со изградбата и осветувањето на првата македонска православна црква „Свети Ѓорѓи" во Мелбурн во 1960 година, и во Торонто

во 1965 година беше изградена и осветена црквата во Торонто, „Свети Климент Охридски”, што направи пресврт во македонското движење во Канада.




Во историјата на Организацијата „Обединети Македонци” е забележано дека во педесеттите години од минатиот век се појави група Македонци, претежно од егејскиот дел на Македонија, која имаше за цел да формира самостојна национална македонска организација. Притоа, беше поставено и прашањето за зачувување на македонскиот национален идентитет, како и обединување на македонските доселеници во Канада.

Организацијата „Обединети Македонци” беше регистрирана како македонска национална културно-просветна непрофитна организација. Тоа овозможи таа да успее да ги обедини Македонците на национално поле и да развие дејности во животот на доселениците од сите делови на Македонија и да ги отстрани влијанијата на туѓите пропаганди.

Македонската организација „Обединети Македонци” беше првиот организатор на манифестацијата „Денови на македонската култура и писменост”. Денес таа должност и чест ја има Литературното друштво „Браќа Миладиновци”, кое е во состав на Македонскиот соборен храм „Свети Климент Охридски” од Торонто.

Оваа манифестација се одржува секоја година во месец мај и е посветена на делото на македонските и на сесловенските првоучители светите Кирил и Методиј, а со цел да и се приближи на канадската јавност културното и духовното наследство на македонскиот народ и на Македонија. .

Се чини најзначајна манифестација на организацијата „Обединети Македонци” се „Гоцевите денови”, кои се посветени на македонскиот деец Гоце Делчев. Оваа манифестација за првпат беше организирана како „Гоцева комитска вечер” во 1972 година. Во текот на изминатите години интересот за овие денови е сѐ поголем, бидејќи гости за манифестацијата се видни личности од културниот, националниот, историскиот, политичкиот и естрадниот живот на македонската дијаспора и Република Македонија.

Исто така, треба да се одбележи дека во 2009 година беше одбележано 50-годишното постоење на Организацијата „Обединети Македонци”, на кое, покрај големиот број видни иселеници од Канада и САД и личности од Република Македонија, присуствуваше и господинот Стефан Харпер, премиер на Канада

Инаку, меѓу другите организации, во Торонто постои Домот за стари лица „Канадско-македонски центар“, познат како „Старски дом“, каде старите лица нашле среќно катче. Овој центар со стотина апартмани, трпезарија, и други потребни простории е пријатно место за живеење за голем број Македонци и Канаѓани. Тој е една од најстарите и најзначајните македонски институции.







Првиот иницијативен одбор на овој дом беше формиран во 1969 година и прерасна во Управно тело – Борд на директори кој броеше 15 чле¬на и својата официјална дејност ја започна во 1971 година. Ова тело кое е акционерско, секоја година преку избори доживува промени.

Во зградатана „Старскиот дом“ работи и Канадско-македонското историско друштво. Тоа е единствено од таков вид во дијаспората кое игра значајна улога во севкупната научна и културолошка активност на голем број македонски интелектуалции од Канада, а кое има и своја библиотека во Домот.

Исто така, во Торонто активно работи на прашањата за човековите права на Македонците и другите обесправени народи „Македонското движење за човекови права“ (порано Македонско движење за човекови права од Канада). Тоа е формирано

во 1986 година. Неговата цел е да се бори за основните човекови и национални права, вклучувајќи го и правото на слобода на изразување и здружување.

Во Торонто во 1988 година е формирано и „Здружение на македонските студенти на Универзитетот во Торонто“ (AMSUT). Како организација таа е посветена на активностите и прашањата на македонските студенти. Всушност, Здружението е центар за македонските активности на верска, политичка, образовна, културна и социјална природата. Целта на оваа студентска асоцијација е да го зајакне чувството за општествена одговорност кај младите во заедницата, потоа да се зголеми донаторството кон Македонија, да се прошири стипендирањето на студентите и тие да се вклучат во македонската заедница на национална, културна, јазична, религиска и друга основа.

На 25 јануари 2010 година во Торонто се формира гранка на асоцијацијата „Македонија 2025“, американско здружение на бизнис професионалци. Таа е независна и неполитичка организација посветена на зајакнувањето и подобрувањето на економијата на Република Македонија.

Она што го прави овој проект е уникатен во разновидноста на учесниците, бидејќи асоцијацијата ја води тим кој има богато искуство и знаење во областа на телекомуникациите, информатичката технологијата, финансискиот и банкарскиот сектор, развојот на инфраструктурата, претприемништвото и законодавните процеси.



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**